# УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО I (ПРВО) ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА

Врз основа на член 60 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.161 /19, 229/20 и 3/25) и ООУ ,,Кочо Рацин“ – Скопје, Општина Центар објавува:



## И З В Е С Т У В А Њ Е



**за запишување ученици во прво одделение**
**во учебната 2025/2026 година**

**Право за запишување во прво одделение имаат:**
- деца родени 2019 год., односно кои до крајот на календарската 2025 година ќе наполнат 6 години.
- деца кои до 31 јануари 2026 ќе наполнат 6 години, по писмено барање на родителот и со добиено мислење од педагог и психолог од училиштето.

**Родителот/старателот потребно е најпрво да пополни пријава за запишување на детето.**

Преку веб страната на училиштето: **www.kocoracin.edu.mk,** може да се изврши пријавување за упис на првачиња, со симнување и пополнување на пријавата.

Истата се испраќа на следната e-mail адреса: **upisi.ucenici@gmail.com**. Дополнително ќе бидете известени телефонски за терминот на тестирање кој ќе се реализира во месец мај (до 31.05.2025 година). На денот на тестирање, родителот/старателот е должен да ја носи целосната документација.

**За запишување во прво одделение потребни се следните документи:**

• Лична карта од родител - на увид
• Извод од матична книга на родени за детето (може и копија)
• Задолжително носење на досие на дете од предучилишната установа( доколку посетувало детето)

- Врз основа на член 60 став 2 и став 3 при запишувањето на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави:

1. Потврда за примените задолжителни вакцини за детето издадена од надлежна здравствена установа. Потврдата за примени вакцини треба да се извади од советувалиште за вакцини или т.н. вакцинални пунктови.
2. Потврда од стоматолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа (Детска стоматологија „Идадија“).
3. Потврда од офталмолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа.
4. За запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка.

**Реонизација на училиштата**
Врз основа на член 63 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.3/25 од 03.01.2025 година):
- Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот каде што има живеалиште или каде што има престојувалиште.
- Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

**НАПОМЕНА:**
- Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 8 став (2), пропишана во Законот за основно образование.

**16.04.2025 година**
**Скопје**



**Директор**
**Гордана Јаневска**